РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 14-255/1
25-02-2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-247/1
26.02. 2026 год.
СКОПЈЕ 1

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу

1. **КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**, ул. Даме Груев, бр. 1, 1000 Скопје, застапувана од претседателот Душан Томшиќ од една страна и

2. **ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Скопје**, Бул. Св. Климент Охридски бр. 68, 1000 Скопје, претставуван од Ректор проф. д-р Билјана Андреска Богдановска од друга страна.

Со овој Меморандум за соработка се уредува соработката помеѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Европски универзитет Скопје - Факултетот за арт и дизајн (во понатамошниот текст: договорни страни), со цел унапредување на свесноста за недискриминација, едукација на студентите и поттикнување на креативно изразување преку уметнички и дизајнерски активности поврзани со човекови права и еднаквост.

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум е воспоставување на рамка за соработка во областа на едукацијата, јавната промоција и информирањето за принципите на еднаквост и недискриминација и ненасилство, преку вклучување на студентите во активности од заеднички интерес.

**Член 2**

Во рамки на соработката, договорните страни ќе ги реализираат следните активности:

1. Подготовка и објавување на конкурс за студентите од студиските програми за графички дизајн, моден дизајн и дизајн на ентериер при Европски универзитет, од прв и втор циклус студии, за избор на 20 најдобри решенија за плакати на тема недискриминација и еднаквост со цел подигнување на свесноста во општеството и јакнење на улогата на КСЗД.

2. Организирање и спроведување на презентација од страна на Комисијата за студентите на Факултетот за арт и дизајн кои ќе се пријават на конкурсот, со цел запознавање со надлежностите, работата и улогата на Комисијата, како и со основните концепти на дискриминација, еднаквост и спречување на насилство.

3. Формирање на комисија составена од претставник/ци на Европски универзитет, КСЗД и претставник на проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, кој ја поддржува КСЗД во спроведување на активностите утврдени во овој Меморандум.

4. Утврдување на листа на 20 најдобри уметнички и дизајнерски дела на зададената тема.

5. Комисијата, преку проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото ќе обезбеди симболична награда за студентите кои ги подготвиле 20-те најдобри уметнички и дизајнерски дела и сертификати (признанија) за успешно завршената задача.

6. Комисијата, преку проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото ќе обезбеди печатење и врамување на 20-те најдобри уметнички и дизајнерски дела.

7. Организирање и учество на заедничка изложба на избраните уметнички и дизајнерски дела (плакати) изработени од студентите од Факултетот за арт и дизајн, на тема недискриминација и ненасилство, при што авторските права врз изработените дела ќе им припаѓаат на студентите – автори.

8. Европски универзитет и Комисијата имаат право да ги користат плакатите (во електронска и печатена форма) кои ќе произлезат како авторски дела на студентите за промотивни и информативни цели, без финансиски надомест, со задолжително почитување на авторското право на студентите. Печатените примероци остануваат во сопственост на Комисијата. Проектот Поддршка на ЕУ за владеењето на правото ќе го задржи правото да ги користи постерите, почитувајќи ги авторските права на студентите, за рекламни цели преку каналите на социјалните медиуми на проектот или за извештаи за проектот.

9. Комисијата, преку проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото ќе обезбеди покривање на трошоците за печатење, изложбата и награди/сертификати за студентите.

**Член 3**

Договорните страни ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, ќе вршат обработка на личните податоци согласно закон и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

**Член 4**

Меморандумот за соработка се склучува за период од 6 (шест) месеци. Договорните страни можат да го продолжат времетраењето на соработката доколку постои заемен интерес за тоа и по завршување на активностите утврдени со член 2 на овој Меморандум.

За тоа што не е предвидено во овој меморандум за соработка, ќе се склучат дополнителни договори за определената соработка. Секоја страна има право да го раскине овој меморандум еднострано без никакви условувања или надомест на штета.

**Член 5**

Меморандумот за соработка стапува на сила со денот на потпишувањето. Измена и дополнување на овој меморандум може да се случи со Анекс кон овој меморандум и истиот задолжително се доставува во писмена форма.

**Член 6**

Во случај на било каков спор и тешкотии во остварувањето на определбите на овој Меморандум, договорните страни веднаш меѓусебно ќе се консултираат. Доколку било која од договорните страни одлучи да го прекине Меморандумот за соработка, тоа мора да го направи со формално писмено известување до другата страна, 1 (еден) месец однапред, наведувајќи ја причината за прекинот.

**Член 7**

Овој Меморандум за соработка е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Скопје, 25.02.2026

**Комисија за спречување**
**и заштита од дискриминација**

Претседател

Душан Томшиќ

**Европски универзитет Скопје**

Ректор,

Проф. д-р. Билјана Андреска Богдановск